Д-12-6-75

2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 4 јуни 1975
Скопје
Број 20 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**192.**

Врз основа на член 61 г став 1 од Основниот закон за јавните патишта („Сл. лист на СФРЈ" бр. 27/65, 7/67 и 10/70), а во врска со член 16, точка 24 и член 18 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 7/74), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

1. За моторни и приклучни возила се плаќа надоместок за употреба на јавни патишта (во натамошен текст патарина) за период од 12 месеци и тоа:

1) за товарни возила:

а) за товарни возила (камиони и камионети), за специјални товарни возила и комбинирани возила (комби) наменети за превоз на определени товари, според носивоста и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| — со носивост до 3 тони | 850 | динари за секој тон носивост |
| — со носивост над 3 до 8 тони | 2.550 | динари + 1.150 дин. за секој тон носивост над 3 тона |
| — со носивост над 8 до 10 тони | 8.300 | динари + 1.250 дин. за секој тон носивост над 8 тона |
| — со носивост над 10 тони | 10.800 | динари + 1.450 дин. за секој тон носивост над 10 тона |

Ако носивоста на товарното возило не е изразена во цели тони, патарината се плаќа за носивост до половина тон — во височина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина тон до полн тон во износ определен за цел тон.

б) за товарни трицикли со носивост до 400 кг. — како за мотоциклите наведени во оваа точка под 9 според работната зафатнина на моторот, а за товарните трицикли со носивост над 400 кг. + 90 динари;

| | | |
|---|---|---|
| 2) За автобуси, комбибуси и комбинирани возила (комби) за превоз на патници | 100 | динари, за секое патничко седиште |
| 3) За работни возила без оглед на носивоста и тежината | 240 | динари за секое возило |

4) за приклучни возила:

а) за товарни приколки и за специјални товарни приколки, наменети за превоз на определени товари, според носивоста и тоа:

| | |
|---|---|
| — со носивост до 3 тони | 450 динари за секој тон носивост; |
| — со носивост над 3 до 8 тони | 1.350 динари + 630 динари за секој тон носивост над 3 тона; |
| — со носивост над 8 до 10 тони | 4.500 динари + 730 динари за секој тон носивост над 8 тона; |
| — со носивост над 10 тони | 5.960 динари + 930 динари за секој тон носивост над 10 тона. |

Ако носивоста на товарната приколка не е изразена во цели тони, патарината се плаќа за носивост до половина тон — во височина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина тон до полн тон — во износ определен за цел тон.

| | |
|---|---|
| б) За патнички автобуски приколки | 150 динари за секое патничко седиште; |
| в) За работни приколки | 140 динари за секоја приколка, без оглед на тежината. |

5) За влечни возила:

| а) за трактори: | динари |
|---|---|
| — до 25 КС | 220 |
| — над 25 до 40 КС | 330 |
| — над 40 до 63 КС | 440 |
| — над 63 КС | 550 |

б) за теглачи со полуприколка се плаќа патарина според силата на моторот на теглачот и носивоста на полуприколката.

За теглачи со полуприколка:

| | |
|---|---|
| — до 90 КС и носивост до 8 тони | 8.300 динари; |
| — над 90 до 130 КС и носивост над 8 до 15 тони | 8.300 + 1.200 динари за секој тон носивост над 8 тони; |
| — над 130 до 180 КС и носивост над 15 до 20 тони | 16.700 + 1.180 динари за секој тон носивост над 15 тони; |
| — над 180 до 240 КС и носивост над 20 до 26 тони | 22.600 + 1.180 динари за секој тон носивост над 20 тони. |

Теглачот и полуприколката се сметаат како едно товарно возило и патарината се плаќа за теглачот, а за носивоста на полуприколката, доколку влијае на силата на теглачот.

Ако се регистрира само теглачот без полуприколка, за него се плаќа иста патарина како за теглач со полуприколка која по носивоста и јачината на моторот е иста со теглачот. Помеѓу 90 и 130 КС на моторот во групата теглачи се сметаат секој 6 КС еднакво на еден тон носивост на полуприколката, а во групата теглачи над 130 до 180 КС и 180 до 240 КС, пак десет КС за секој тон носивост на полуприколката.

Ако полуприколка се регистрира без теглач се плаќа еднаква патарина како за приклучни возила од потточка 4 под — а).

За специјални приколки кои служат за превоз на контејнери и се регистрираат без теглачи, се плаќа 50% од патарината за приклучни возила од потточка 4 под — а).

6) За специјални возила за превоз на определени лица:

240 динари за секое возило.

7) За патнички возила според работната зафатнина на моторот, и тоа:

| | динари |
|---|---|
| — до 900 $cm^3$ | 200 |
| — над 900 до 1350 $cm^3$ | 300 |
| — над 1350 до 1800 $cm^3$ | 440 |
| — над 1800 до 2500 $cm^3$ | 640 |
| — над 2500 до 3150 $cm^3$ | 960 |
| — над 3150 $cm^3$ | 1380 |

8) Патничките возила од точка 7 кои се преуредени за погон на плин освен патарината од оваа точка плаќаат годишно и додатен надоместок во висина од 800 динари, а за такси возилата 1300 динари.

9) За мотоцикли според работната зафатнина на моторот и тоа:

| | динари |
|---|---|
| — од 75 до 125 $cm^3$ | 65 |
| — над 125 до 250 $cm^3$ | 90 |
| — над 250 до 500 $cm^3$ | 115 |
| — над 500 до 1000 $cm^3$ | 140 |
| — над 1000 $cm^3$ | 165 |

2. Имателите на моторни возила плаќаат надоместок пред поднесувањето на барањето за регистрација односно за продолжување важењето на регистрацијата на возилото, и тоа во еднократен износ однапред за 12 месеци, опфаќајќи го и месецот во кој се врши регистрацијата односно продолжувањето важењето на регистрацијата.

По исклучок, авто-транспортните претпријатија можат надоместокот да го плаќаат во рати, секои три месеци однапред во износи од една четвртина на тој надоместок.

Органот на управата надлежен за внатрешни работи може да изврши регистрација на патно моторно возило само ако имателот на возилото поднесе потврда за платениот надоместок.

3. Имателот на моторно возило што привремено го регистрира за време покусо од 12 месеци плаќа сразмерен дел на надоместокот за тој временски период.

4. Ако имателот на моторно возило или приклучно возило, возилото го одјави пред истекот на времето за кое платил патарина, може во рок од 3 месеци по одјавувањето кај општинскиот орган на управата надлежен за финансии да бара враќање на платената патарина за сите преостанати цели месеци.

5. За отуѓено моторно возило или приклучно возило, за кое е платена патарина по точка 1 на оваа одлука, новиот имател, за тоа време не треба да плаќа патарина.

6. Имателот на моторно возило, што го регистрирал пред истекот на дванаесет месеци од последната регистрација, мора да ја доплати разликата до висината на износот определен со оваа одлука и тоа од месецот кога одлуката влегува во сила.

7. Републичкиот секретар за сообраќај и врски во согласност со републичкиот секретар за финансии по потреба ќе го пропише начинот на плаќањето на патарината.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 12-1072/1
17 мај 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

## 193.

Врз основа на член 1 од Уредбата за образување Совет за иселенички прашања на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 34/65 и 36/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА ИСЕЛЕНИЧКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се утврдува престанување на функцијата членови на Советот за иселенички прашања на Извршниот совет на:
— Александар Донев,
— Милан Панчевски,
— Трајко Атанасовски.

II. За членови на Советот за иселенички прашања на Извршниот совет се именуваат:
1. Јордан Јоновски, началник во РСВР;
2. Димче Кирациски — Србо, секретар на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита;
3. Живко Тодоровски, секретар на Републичката заедница за вработување.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-688/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

## 194.

Врз основа на член 18 и 19 од Законот за Извршниот совет „Службен весник на СРМ" бр. 40/71), а во врска со член 72, став 5 од Деловникот на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 10/68) и член 18 од Одлуката за привремената внатрешна организација на Извршниот совет на Собранието на СРМ, Извршниот совет, на седницата одржана на 28 март 1975 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРИТЕ И КОМИСИИТЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во точка I став 7 од Решението за именување претседател и членови на одборите и комисиите на Извршниот совет бр. 12-1279/1 од 17 мај 1974 година, се додаваат две нови потточки кои гласат:

„6. Вера Димитрова, член на Извршниот совет;

7. Милан Хорват, член на Извршниот совет".

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-690/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**195.**

Врз основа на член 14 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 17/74), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

I. За член на Советот на Економскиот институт во Скопје се именува:

— м-р Љубомир Исјановски, раководител на Службата за развој на организација и студирање на работата на Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-809/1
7 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**196.**

Врз основа на член 19 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПЛАСМАНОТ И АМОРТИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИТЕ ОД ФЕДЕРАЦИЈАТА

I. Се утврдува престанување на функцијата претседател и членови на Републичката комисија за следење на пласманот и амортизацијата на обврзниците од Федерацијата на:

1. Стево Стоевски, претседател
— Бранко Богоевски
— Ане Јовановски
— Томе Колески
— Мирјана Миновска.

II. За претседател и членови на Републичката комисија за следење на пласманот и амортизација на обврзниците од Федерацијата, се именуваат:

а) за претседател

— Ристо Филиповски, член на Извршниот совет и републички секретар за финансии.

б) за членови:

1. Бранко Богоевски, помошник на генералниот директор на Стопанската банка во Скопје;
2. Томе Колевски, секретар на Службата за статистика на Стопанската комора на Македонија;
3. Чедо Лазаревски, член на Извршниот совет на Собранието на општината на град Скопје;
4. Љупчо Пејовски, помошник на генералниот директор на Службата за општествено книговодство во Скопје;
5. Стево Стоевски, помошник на републичкиот секретар за финансии.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-907/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**197.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК СЕКРЕТАР ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за помошник секретар во Извршниот совет Лазо Крстевски, досегашен советник во Извршниот совет.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-912/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**198.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК СЕКРЕТАР ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за помошник секретар во Извршниот совет Миливоје Симеоновски, досегашен советник во Извршниот совет.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-913/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**199.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за советник во Извршниот совет Јела Лучиќ — Марковска, досегашен секретар на Одборот за образование, наука и култура на Извршниот совет.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-914/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**200.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет Ристо Тоневски, досегашен советник во Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-915/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**201.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет Јосиф Милевски, досегашен советник во Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-916/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**202.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. Се именува за потсекретар во Републичкиот секретаријат за народна одбрана Иван Зеленковски, досегашен помошник на републичкиот секретар за народна одбрана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-917/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**203.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. Се именува за помошник на републичкиот секретар за народна одбрана Цветан Вељановски, досегашен советник на републичкиот секретар за народна одбрана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-918/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**204.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ

1. Се именува за помошник на републичкиот секретар за финансии Томе Бислимовски, досегашен помошник на генералниот директор на „Славија“ — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-919/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**205.**

Врз основа на член 18 и 19 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), а во врска со член 72, став 5 од Деловникот на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 10/68) и член 18 од Одлуката за привремена внатрешна организација на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет, на седницата одржана на 22 април 1975 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА ПРАШАЊА НА ОДНОСИТЕ СО СТРАНСТВО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се разрешува од функцијата член на Одборот за прашања на односите со странство на Извршниот совет Благој Михов, поради заминување на нова должност.

2. За член на Одборот за прашања на односите со странство на Извршниот совет се именува Томислав Симовски, секретар на Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-920/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**206.**

Врз основа на член 10 од Законот за Средното училиште за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 39/71), републичкиот секретар за образование и наука, во согласност со републичкиот секретар за внатрешни работи, донесува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕТО НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

### I. СОДРЖИНА НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Член 1

Завршниот испит се состои од четири дела и тоа:

1. Завршна стручна работа со одбрана;
2. Писмена работа;
3. Устен испит по стручните предмети и
4. Устен испит по странски јазик.

Член 2

Секој кандидат пред да биде допуштен на полагање завршен испит должен е да изработи завршна стручна работа и да ја предаде на Училиштето.

Завршната стручна работа кандидатот ја изработува во текот на завршната година и ја одбранува преку образложување на истата на прашања поставени од испитувачите со што се проверува самостојноста во изработката.

Член 3

За писмена работа се добиваат пошироки теми од општествениот и политичкиот живот, културата и науката.

Член 4

На усниот испит по стручните предмети се проверуваат основните стручно-теоретски и практични знаења на кандидатот од областа на струката.

Член 5

На усниот испит по странски јазик се проверуваат знаењата на кандидатот по странски јазик.

Член 6

Сите делови од завршниот испит на овој правилник се оценуваат со посебни оценки.

### II. НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Член 7

Завршниот испит се полага пред испитен одбор и испитни комисии.

Испитниот одбор го сочинуваат: претседател и определен број членови.

На испитниот одбор му се определува секретар кој го води записникот и администрацијата.

Секретарот нема право на одлучување.

На претседателот, постојните членови, членовите-испитувачи и секретарот им се определуваат заменици.

Член 8

За прегледување на завршните стручни работи, писмените работи и спроведување на усните испити испитниот одбор формира од редот на своите членови, потребен број на испитни комисии.

Испитната комисија ја сочинуваат: претседател, испитувач по соодветниот предмет и определен број членови. Еден од членовите во комисијата е стручен наставник по областите по кои се испитува кандидатот.

Записник за работата на испитната комисија води еден од членовите на испитната комисија.

Член 9

Испитниот одбор и испитните комисии работаат на седници со кои раководи претседателот на испитниот одбор, односно испитната комисија.

Решенијата се донесуваат со мнозинство на гласови на сите членови на испитниот одбор, односно испитните комисии.

Член 10

Испитните комисии за секој испит даваат посебна оценка, а на крајот комисиите ја сведуваат општата оценка.

Член 11

Завршниот испит се полага во: јуни, август, октомври и јануари.

Член 12

За полагање на завршен испит кандидатите поднесуваат пријава до Училиштето.

Со пријавата кандидатите поднесуваат: извод од матичната книга на родените, свидетелство за завршен четврти клас и потврда за предадена завршна стручна работа.

Пријава за полагање на завршен испит се поднесува:

1. За јунскиот испитен рок до 25 мај;
2. За августовскиот испитен рок до 1 август;
3. За октомврискиот испитен рок до 1 септември и
4. За јануарскиот испитен рок до 1 декември.

Член 13

Испитниот одбор на седница проверува кој од пријавените кандидати ги исполнува условите и ги допушта на завршен испит. Решението се објавува на огласна табла во Училиштето.

Член 14

Кандидат кој се пријавил за завршен испит, а не го почнал полагањето на испитот ќе се смета дека не се пријавил на испит.

Кандидат кој поради болест или други оправдани причини бил спречен да го започне полагањето на испитот или бил попречен да го продолжи полагањето е должен за тоа да го извести Училиштето и да поднесе доказ за причината.

Ако испитниот одбор констатира дека причините што го спречиле кандидатот да полага испит се основани ќе му одобри да го продолжи испитот во истиот или наредниот испитен рок. Во спротивно ќе се смета дека кандидатот не го положил испитот и ќе се упати да го полага целиот во наредниот испитен рок.

Член 15

Најмалку 10 дена пред почетокот на завршниот испит распоредот за полагање завршен испит се доставува до Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето и до Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

а) Завршна стручна работа

Член 16

Секоја учебна година најдоцна до 1 декември се утврдува список на теми што во таа учебна година можат да бидат работени како завршна стручна работа (член 1 на овој правилник).

Теми за завршна стручна работа можат да предлагаат: учениците, наставниците, класните колегиуми на Училиштето како и органите за внатрешни работи.

Бројот на темите во списокот треба да биде поголем најмалку за 10 од бројот на учениците во завршните класови.

Утврдениот список се истакнува на огласна табла во Училиштето.

Член 17

Секој кандидат најдоцна до 15 декември во учебната година, во која го учи завршниот клас од списокот на утврдените теми избира тема за завршна стручна работа и преку класниот раководител му ја предлага на наставничкиот колегиум за одобрување.

Кандидатот може да предложи и друга тема што не е предвидена во списокот на претходниот став како и да предложи две или повеќе теми, од кои ќе му се одобри една за завршна стручна работа.

Ако два кандидата или повеќе кандидати предложиле иста завршна стручна работа, наставничкиот колегиум одредува кој кандидат ќе ја работи предложената завршна стручна работа.

Кандидатот кој, во рокот определен во став 1 од овој член, не избере завршна стручна работа. не може да полага завршен испит во јунскиот испитен рок во таа учебна година.

Член 18

Класните раководители откако ќе ги приберат предложените теми од сите ученици ги изнесуваат на наставнички колегиум, кој конечно одредува кои завршни стручни работи ќе ги обработуваат кандидатите.

Наставничкиот колегиум ги одобрува завршните стручни работи најдоцна до 31 декември во учебната година.

Член 19

На кандидатите кои сакаат да полагаат завршен испит во августовскиот или во октомврискиот и јануарскиот испитен рок, како и кандидатите кои завршиле клас го завршиле во поранешните учебни години, но не полагале завршен испит завршната стручна работа наставничкиот колегиум им ја одобрува најдоцна три месеци пред почетокот на завршниот испит.

На кандидатите кои при полагањето на завршниот испит во јунскиот испитен рок не успеале, а сакаат истиот да го повторат во августовскиот испитен рок, темата за завршна стручна работа може да им се определи и непосредно по завршувањето на неуспешното полагање на испитот, но најдоцна 10 дена по завршувањето на тоа полагање. Ако кандидатот при повторно полагање сака да ја задржи истата тема тоа го одобрува наставничкиот колегиум.

Член 20

Завршната стручна работа кандидатот ја изработува самостојно.

Наставниците во текот на изработувањето на завршната стручна работа со кандидатите одржуваат постојанен контакт, ги упатуваат во методологијата на работата, им предлагаат потребна литература и други средства со кои тие ќе се служат и им даваат и други упатства за изработувањето на истата.

Член 21

Изработената завршна стручна работа кандидатот е должен да ја предаде најдоцна 30 дена пред почетокот на завршниот испит, освен кандидатите од член 19 став 2 од овој правилник кои се должни завршната стручна работа да ја предадат најдоцна 10 дена пред почетокот на завршниот испит.

Завршната стручна работа се предава на Училиштето за кое на кандидатот му се издава потврда.

Член 22

Завршната стручна работа на кандидатот ја прегледува предметниот наставник и уште два члена на испитната комисија. Прегледувачите на завршната стручна работа, секој поодделно, даваат писмено образложение за нејзиниот квалитет.

Сите завршни стручни работи се чуваат во архивата на Училиштето најмалку пет години.

б) Писмена работа пред испитниот одбор

Член 23

Писмена работа работат сите кандидати што се допуштени на завршниот испит без оглед каков успех покажале во изработувањето на завршната стручна работа.

Член 24

Изработувањето на писмената работа трае пет часа и се работи претпладне.

Член 25

Темите за писмената работа ги предлага испитниот одбор. За таа цел, соодветната испитна комисија спроти денот што е одреден за изработувањето на писмената работа му предаваат на директорот 10 теми затворени во плик со печат на Училиштето.

Во првиот нареден ден, непосредно пред самиот почеток на писмената работа, испитниот одбор на седница го отвора пликот со предложените теми и три од нив одредува за работа.

Тема работена во текот на учебната година како писмена или домашна работа не може да се даде како тема за писмена работа на завршниот испит.

Член 26

Одредените теми им се соопштуваат на кандидатите непосредно пред почетокот на писмената работа.

Од трите теми што ги одредува испитниот одбор секој кандидат избира една што ја работи на испитот.

Член 27

Писмената работа од кандидатите се работи едновремено и по можност во иста просторија.

Член 28

Кандидатот што го нарушува редот за време на изработувањето на писмената работа и пречи на испитот прво ќе се опомени и опомената се внесува во записникот. При повторен случај испитниот одбор може да одлучи кандидатот да се отстрани од испитот и да се упати истиот да го полага во наредниот испитен рок.

Испитниот одбор може да го отстрани и упати на полагање во наредниот испитен рок и кандидатот за кого ќе се утврди за време на испитот или непосредно по него дека писмената работа не ја работел самостојно или ја дал на друг кандидат со неа да се послужи при изработувањето како и на кандидатот кој ќе ја прекине работата без одобрение на присутниот член на испитниот одбор, ќе ја напушти испитната просторија.

Отстранетиот кандидат по одредбите на овој член не е должен да работи нова завршна стручна работа.

Член 29

За изработување на писмена работа хартијата се заверува со печат на Училиштето.

Член 30

По истекот на времето за работење на писмената работа се собираат темите заедно со концептот, ако постои и се предаваат на претседателот на испитната комисија.

Член 31

Писмените работи ги прегледуваат, поправаат и оценуваат три члена на испитната комисија што ја формира испитниот одбор. Секој прегледувач ќе

предложи број на оценка испишана со букви, покрај која ќе постои образложение за квалитетот на темата.

Испитната комисија врз поединечните оценки утврдува конечна оценка за писмената работа што се поднесува до испитниот одбор.

Сите писмени работи се чуваат во Училишната архива најмалку пет години.

в) Устен испит

Член 32

На усниот испит имаат право сите кандидати кои работеле писмена работа, без оглед на оцената што ја добиле.

На устен испит се допуштаат и кандидатите од став 2 и 3 од член 14 на овој правилник.

Член 33

Испитувањето на усниот испит трае најмногу 45 минути по кандидат.

Член 34

Усниот испит може да се изведува пред и попладне, но не по 22,00 часот.

Член 35

Поименичниот распоред на кандидатите за усниот испит го утврдува испитната комисија пред почнувањето на испитот и им го соопштува на кандидатите на првиот ден на испитот, а се истакнува на огласната табла во Училиштето.

Пред почнувањето на усниот испит испитната комисија ги запознава кандидатите со начинот на полагањето на испитот и со нивните права и должности.

Член 36

Усниот испит се состои од одбрана на завршната стручна работа и усно испитување со кое се проверуваат соодветните стручно-теоретските и практични знаења на кандидатот од областа на струката за која се подготвува.

На усното испитување за проверување на основните стручни-теоретски и практични знаења од областа на струката се допуштаат сите кандидати, без оглед каков успех покажале на одбраната на завршната стручна работа.

На усното испитување за проверување на основните стручно-теоретски и практични знаења, кандидатите одговараат на прашањата што членовите на испитната комисија ќе им ги постават во рамките на програмата.

Член 37

По завршувањето на одбраната на завршната стручна работа, кандидатот продолжува со полагање на устен испит по стручните предмети.

Кандидатите полагаат завршен испит со извлекување на прашања.

Член 38

Усниот испит по странски јазик се состои во читање на непознат текст, од 15 до 20 реда, со превод, граматика, анализа и дијалогот се води на странски јазик што кандидатот го полага.

Член 39

По завршениот устен испит по сите предмети и со сите групи, испитната комисија ги предлага оценките за секој кандидат, кој се внесуваат во записник и се доставуваат до испитниот одбор.

Член 40

Конечната оценка на успехот на секој кандидат, врз основа предложените оценки од испитната комисија ја утврдува испитниот одбор.

Член 41

Кандидатот го положил завршниот испит ако од сите предмети што ги полагал добил позитивна оценка.

Резултатот од завршниот испит на кандидатите им се соопштува во присуство на членовите од испитниот одбор.

Член 42

Кандидат кој добил недоволна оценка по еден или повеќе делови на испитот, се упатува на повторно полагање на тој дел.

## III. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ

Член 43

За завршниот испит се водат:

а) Главна книга на завршен испит,

б) Записник на испитниот одбор,

в) Записник на испитната комисија за секој кандидат.

Главната книга и записникот на испитниот одбор ги води секретарот на испитниот одбор, а записникот на испитната комисија записничарот на испитната комисија.

Член 44

Во главната книга се внесуваат со букви и бројки, правните и фактичките податоци за секој кандидат што се пријавил на завршен испит и тоа врз решението на испитниот одбор и утврдените оценки за секој кандидат како и конечното решение на испитниот одбор.

Главната книга ја потпишуваат претседателот, секретарот и сите членови на испитниот одбор.

Член 45

Во записникот на испитниот одбор, на првата седница се внесува денот и местото на одржувањето на седницата, поименичниот состав на испитниот одбор, имињата на сите кандидати пријавени за испит, темите за завршна стручна работа, која тема кандидатот ја работел за завршна стручна работа како и решението кои од кандидатите се допуштаат на испит, кои се одбиени и поради што, распоредот на полагањето, составот на испитните комисии, имињата на наставниците определени за контрола при изработката на писмената работа, имињата на прегледувачите на завршната стручна работа и писмените работи и рокот во кои треба да бидат прегледани.

Овој записник го потпишуваат претседателот, секретарот и сите членови на испитниот одбор.

Член 46

Во записникот од завршната седница од испитниот одбор се внесуваат податоците за времето и местото на седницата, имињата на присутните членови на испитниот одбор, поважните моменти за текот на седницата и преглед на дефинитивно утврдени оценки за сите кандидати на завршниот испит, како и оценките по предметите кои на испитот не се полагаат, а се внесуваат во свидетелството на завршниот испит.

Се донесува и конечно решение на испитниот одбор за тоа:

а) Кој кандидат поименично го положил завршниот испит;

б) Кои кандидати не го положиле испитот и по која област;

в) На кои кандидати им е одложен испитот и

г) Кои кандидати се отстранети од испит.

Овој записник го потпишува претседателот, секретарот и сите членови на испитниот одбор.

Член 47

Записникот на испитната комисија се води посебно за секој кандидат. Во него се внесуваат податоци за времето на состанокот на испитната ко-

мисија, имињата на присутните членови, името на кандидатот, темата на завршната стручна работа, писмената работа, почетокот и свршетокот на испитувањето, прашањата што му се поставени на кандидатот, утврдениот предлог на оценка и евентуалните подвоени мислења.

Овој записник го потпишува претседателот, секретарот и сите членови на испитната комисија.

Член 48

Претседателот на испитниот одбор е должен во рок од 15 дена да поднесе извештај за текот на завршниот испит и препис од записникот на завршната седница на испитниот одбор до Републичкиот секретар за внатрешни работи.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 49

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото објавување во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од јунскиот испитен рок на учебната 1974/75 година.

Деловоден број 07-1153/1
од 26 мај 1975 година
Скопје

Републички секретар за образование и наука,
**Љупчо Копровски,** с. р.

Согласен:
Републички секретар за внатрешни работи
**Мирко Буневски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**220.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), и член 4 став 1 точка 3 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услуги, одржана на 22 април 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице.

II

Височината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице не може да биде помала од:

1) во случај на смрт на осигурено лице до една годишна возраст — 500 динари;

2) во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 годишна возраст — 800 динари;

3) во случај на смрт на осигурено лице од 7 до 14 годишна возраст — 1100 динари;

4) во случај на смрт на осигурено лице на возраст над 14 години 1400 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-678/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги,
**Серѓие Геговски,** с. р.

**221.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), и член 4 став 1 точка 3 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедница на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услуги одржана на 22 април 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на дневниците на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место.

II

Висината на дневниците на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место не може да биде помала, и тоа:

1) ако се упатуваат во места на територијата на СРМ, — од 60 динари;

2) ако се упатуваат во места надвор од територијата на СРМ, — од 80 динари;

3) ако се упатуваат во Скопје, — од 70 динари;

4) ако се упатуваат во другите Републики и покраински центри — од 100 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-677/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги,
**Серѓие Геговски,** с. р.

**222.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 4 став 1 точка 3 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите на работниците корисници на услуги, одржана на 22 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ПОМОШТА ЗА ОПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на помошта за опрема на новородено дете.

II

Висината на помошта за опрема на новородено дете не може да биде помала од 250 динари за секое новородено дете.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-676/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги,
**Серѓие Геговски**, с. р.

**223.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ“ — бр. 20/70 и 29/73 год.), член 13 став 1 алинеја 3 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74 год.) и член 12 алинеја 8 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување на заедничката седница на сите собори на делегати, одржана на 22 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Се усвојува Програмата за здравствена заштита на населението на СР Македонија за 1975 година, која е составен дел на оваа одлука.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-639/1
22 април 1975 година
Скопје

Претседател,
**Никола Арсовски**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО

**224.**

Врз основа на членот 35 ст. 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на вработувањето и за материјално обезбедување за време на привремена безработност („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74) и член 30 ст. 2 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на вработувањето во Републичка заедница на вработувањето, по претходно прибавеното мислење од собранијата на општинските заедници на вработувањето, Собранието на Републичката заедница на вработувањето, на седницата одржана на ден 12 мај 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА СОЛИДАРНОСТ И ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ДЕЈНОСТА НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Од придонесот за вработување што се остварува во општинските заедници на вработувањето по единствена стапка од 0,75% од личниот доход на работниците во кои се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход), општинските заедници на вработувањето (општински заедници) издвојуваат 20% за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница на вработувањето.

Член 2

Ако со делот што го издвојуваат општинските заедници за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница не можат да се обезбедат доволно средства за покривање на недостигот, Собранието на Републичката заедница, без претходно мислење од собранијата на општинските заедници, сразмерно ќе го зголеми делот за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-498
12 мај 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на РЗВ,
**Миливој Димитровски**, с. р.

**225.**

Врз основа на чл. 31 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на вработувањето во Републичката заедница на вработувањето, Собранието на Републичката заедница на вработувањето, на седницата одржана на 12 мај 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЦЕЛОСНО И ДЕЛИМИЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДОЗНАЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ШТО ТРЕБА ДА ГИ УПЛАТУВААТ ОПШТИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ВРАБОТУВАЊЕТО ЗА СОЛИДАРНОСТ И ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Општинските заедници на вработувањето (општински заедници) основани за подрачјата на општините кои што со закон се прогласени како недоволно развиени краишта целосно се ослободуваат од дозначувањето на средства за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница на вработувањето.

Член 2

Општинските заедници Битола (без Демир Хисар), Валандово, Гевгелија, Делчево, Кавадарци, Кочани, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Св. Николе, Струмица, Т. Велес и Штип, делумно се ослободуваат од дозначувањето на средствата што треба од придонесот за вработување да ги уплатуваат за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница на вработувањето.

Општинските заедници од претходниот став од придонесот за вработување издвојуваат 5% за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 01-499
12 мај 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Републичката
заедница на вработувањето,
**Миливој Димитровски,** с. р.

---

**226.**

Врз основа на членот 34 ст. 1 алинеја 3 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници во Републичка заедница на вработувањето, Собранието на Републичката заедница на вработувањето, на седницата одржана на ден 12. 05. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕРИЛА И КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА СОЛИДАРНОСТ ПРИ РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат мерила и критериуми за користење на средствата за солидарност при Републичката заедница на вработувањето (средства за солидарност).

Член 2

Средствата за солидарност можат да се користат за доделување дополнителни средства на општинските заедници на кои вкупните средства им недостигаат за покривање на расходите за:

— материјално обезбедување на невработените;
— подготвување на работните луѓе заради вработување;
— финансирање дејноста на општинските заедници и нивните стручни служби.

При распределбата на средствата за солидарност првенствено се обезбедуваат средства за доделување дополнителни средства за материјално обезбедување и за извршување на минималните функции на општинските заедници.

Член 3

Средствата за солидарност се доделуваат на општинските заедници ако ги исполнуваат следните услови:

— висината на стапката на придонесот за вработување да не биде пониска од највисоката стапка на придонесот за вработување утврдена од било која општинска заедница на вработувањето во Републиката;

— планираниот придонес за вработување да биде во висина на остварениот придонес за вработување во претходната година зголемен по стапката на порастот предвидена со Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на СРМ;

— висината на паричниот надоместок да не биде поголема од 50% од основицата утврдена со закон;

— да се издвоени средства за материјално обезбедување во висина на исплатените износи во 1974 година зголемени за 49%;

— да се одбиени исплатените износи на име паричен надоместок и придонес за здравствено осигурување кои што ќе се повратат (рефундираат од други општински заедници);

— да постои претходен договор меѓу општинската заедница за учество на организацијата во финансирањето на стручното оспособување во висина од најмалку 20% и обврска за вработување на работниците на неодредено време по завршеното стручно оспособување;

— бројот на извршителите во стручната служба на општинската заедница да не биде поголем од оној што е утврден со Самоуправната спогодба за систематизација на работните места за извршување на минималните функции;

— висината на материјалните трошоци за работа на стручната служба на општинската заедница да не биде поголема од 20% од планираните средства за работа на стручната служба на општинските заедници;

— висината на средствата за стручно оспособување на еден работник да не биде повисока од висината утврдена со самоуправен општ акт на Републичката заедница.

Член 4

Од средствата за солидарност на општинската заедница може да и се даде заем за покривање на расходите за материјално обезбедување, стручно оспособување, работа на стручната служба и за други намени, доколку истите не може да ги покрие поради нередовниот прилив на средства од придонесот за вработување.

Заемот одобрен според претходниот став, општинската заедница е должна да го врати во рок од една година.

Член 5

Средства по одредбите на оваа одлука се одобруваат на општинските заедници врз основа на уредно доставената документација од која ќе може да се утврди дека се потрошени сите средства според намените утврдени со финансискиот план на општинската заедница и се исполнети условите утврдени со Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници во Републичката заедница на вработувањето, Статутот и оваа одлука.

Член 6

По исклучок од членот 3 ст. 1 алинеја 7 на оваа одлука, за 1975 година општинските заедници од средствата за солидарност можат да користат средства за работа на стручните служби за сите работници преземени според членот 83 од Законот за самоуправните интересни заедници на вработувањето и за материјалното обезбедување за време на привремена безработност („Службен весник на СРМ" бр. 20/74).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. 01. 1975 година.

Бр. 01-503
14 мај 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Републичката
заедница на вработувањето,
**Миливој Димитровски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ

**227.**

Врз основа на член 104 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71) и член 25 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се изменува и дополнува Одлуката за задолжително издвојување средства во резервниот фонд на Заедницата за 1975 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 8/75, во следното:

По точка II се додава нова точка III која гласи:

„1. Дел од средствата што ќе се формираат во резервниот фонд на здравственото осигурување на земјоделците во височина од 1% ќе служат како резерва на фондот за покривање на евентуални повисоки расходи над приходите;

2. Со делот од средствата во височина од 2% Заедницата може да располага за редовно работење заради обезбедување здравствена заштита на осигурениците“.

II

Точка III станува точка IV.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-148/6
25 април 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

**228.**

Врз основа на член 25 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА АКТИВИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

I

Средствата од резервниот фонд на здравственото осигурување на земјоделците во височина од 227.378,99 динари се активираат во височина од 2 третини, во износ од 151.585,00 динари покривање на загубите на фондот на земјоделците настанати со работењето до 31. 12. 1972 година.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-148/7
25 април 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

**229.**

Врз основа на член 104 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 25 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се изменува и дополнува Одлуката за задолжително издвојување средства во резервниот фонд на Заедницата за 1975 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 9/75, во следното:

По точка II се додава нова точка III која гласи:

„1. Дел од средствата што ќе се формираат во резервниот фонд на здравственото осигурување на работниците во височина од 1% ќе служат како резерва на фондот за покривање на евентуални повисоки расходи над приходите;

2. Со делот од средствата во височина од 2% Заедницата може да располага за редовно работење заради обезбедување здравствена заштита на осигурениците“.

II

Точката III станува точка IV.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-148/5
25 април 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

**230.**

Врз основа на член 25 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана со сите собори на делегатите на ден 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

I

Членот 1 од Одлуката за височината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 10/75, се менува и гласи:

„Во случај на смрт на осигурено лице припаѓа надоместок на трошоците за закоп и тоа:

1. На осигурено лице до 1 годишна возраст 500 динари;

2. На осигурено лице од 1 до 7 годишна возраст 800 динари;

3. На осигурено лице од 7 до 14 годишна возраст 1100 динари;

4. На осигурено лице над 14 годишна возраст 1400 динари“.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, ќе се применува од 1 мај 1975 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-148/4
25 април 1975 година
Свети Николе

Претседател,
**Здравко Богатинов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КУМАНОВО

**231.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8 и член 17 став 3 од Законот за самоуправните интереси заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 25 став 1 точка 9, во врска со член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Висината на помошта за спрема на новородено дете изнесува 250 динари.

Член 2

Осигурените лица помошта за спрема на новородено дете ја остваруваат кај Стручната служба на Општинската заедница со поднесување на следните документи:

— потврда на лекар-гинеколог дека породувањето ќе уследи во рок од еден месец од денот на оценката во случај да се бара исплата пред породувањето;

— извод од матичната книга на родените во случај кога исплата се бара по породувањето;

— доказ за усвојување и доказ дека за тоа дете помош не е исплатена, во случај кога се бара за усвоено дете.

Член 3

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите за помош и спрема на новородено дете од Одлуката за надоместок на патни трошоци, трошоци за закоп и посмртна помош и помош и спрема на новородено дете, бр. 04-3613/1 од 22. XII. 1972 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/73).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1975 година.

Бр. 03-868/1
25 април 1975 година
Куманово

Претседател,
**Стојан Величковски,** с. р.

**232.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 25 став 1 точка 9, а во врска со член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите-корисници на услугите-работници, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурените умрени лица изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| за лица до 1 годишна возраст | 500 | динари |
| за лица од 1-7 годишна возраст | 800 | динари |
| за лица од 7-14 годишна возраст | 1.100 | динари |
| за лица над 14 годишна возраст | 1.400 | динари |

Член 2

Ако посмртните останки на осигуреното лице се превезуваат од местото каде што настапила смртта до местото на живеење заради закоп, износот од член 1 на оваа одлука се зголемува до висината на стварните трошоци според тарифите за превоз на посмртни останки во јавниот сообраќај.

Кога осигуреното лице умре во странство, а превозот поради закоп се изврши во Југославија, надоместокот од претходниот став се зголемува за 20%.

Член 3

Осигурените лица надоместокот на трошоците за закоп го остваруваат кај Стручната служба на Општинската заедница со поднесување на следното:

— извод од матичната книга на умрените;

— доказ дека умреното лице е осигуреник; и

— доказ за превоз на умреното лице од местото на смртта до местото на закопот.

Член 4

Ако закопот на осигурено умрено лице го изврши работна или друга организација, на истата ѝ припаѓа надоместок на трошоците за закоп во висина предвидена во претходните членови.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите кои се однесуваат за надоместокот за закоп од Одлуката за надоместок на патни трошоци за закоп и посмртна помош и помош и спрема на новородено дете бр. 04-3613/1 од 22. XII. 1972 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/73).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1975 година.

Бр. 03-869/1
25 април 1975 година
Куманово

Претседател,
**Стојан Величковски,** с. р.

**233.**

Врз основа на член 37 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 25 став 1 точка 9 и член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите-корисници на услугите-работници, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Осигурените лица имаат право на надоместок на патни трошоци и трошоци за исхрана и престој во случаите и под условите предвидени во Статутот на Заедницата.

Член 2

Надоместок на патните трошоци на осигурените лица им припаѓа за патување извршено на релација каде постојат редовни сообраќајни врски од местото на живеење, односно работното место до местото каде се наоѓа здравствената организација односно лекарска комисија, во случај оддалеченоста да биде поголема од 10 км.

Осигурените лица при остварување на здравствената заштита имаат право да ги користат средствата во јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот и втора класа воз во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин и со средства одредени во претходниот став, на осигурените лица на име трошоци за патување им се исплатува износ според утврдените тарифи во јавниот сообраќај.

Во случај патувањето да се изврши со други превозни средства, на осигуреникот му се признаваат трошоци во висина како патувањето да е извршено со автобус односно воз II класа.

Член 3

Право на надоместок на трошоците за превоз во полн износ му припаѓаат на осигуреното лице кога поради природата на болеста, по оценка на раководителот на здравствената работна организација, односно лекарска комисија, користи посебно средство (авион, хеликоптер, кола за спиење, I класа во железнички сообраќај или друго превозно средство).

Во случај осигуреното лице да патува со превозни средства наведени во претходниот став без претходно одобрение од раководителот на здравствена работна организација или лекарска комисија, ќе има право на надоместок на трошоците за превоз ако по наодот и извештајот на лекарот кој ја пружил лекарската помош односно по мислењето на лекарска комисија, поради состојбата на болеста, требало да се користи такво превозно средство.

Член 4

Кога на одредена релација не постои превозно средство на јавниот сообраќај, а поради тежината на болеста превозот е извршен со некое друго превозно средство, на осигуреното лице му припаѓа надоместок од 1,30 динари по поминат километар ако од местото на живеење односно работното место до местото во кое се наоѓа здравствената работна организација има повеќе од 5 км., под услов ако лекарот утврди дека превозот бил потребен.

Одредбите од став 1 на овој член ќе се применуваат и на релации каде постојат сообраќајни средства ако случајот бил итен, а не можела да се употреби брза помош и превозот е извршен со друго превозно средство.

Дали случајот е итен и дали во конкретниот случај не можела да се употреби брза помош, утврдува надлежниот лекар.

Член 5

Кога на осигуреното лице му е одреден придружник, на истиот му припаѓа надоместок на трошоци за превоз со исто превозно средство кое е одредено за оболеното лице.

Кога придружникот се враќа во местото на живеење односно кога оди во друго место за оболеното лице да го врати во местото на живеење, трошоците за превоз се пресметуваат по одредбите на член 2 и 4 од оваа одлука.

Член 6

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

| | |
|---|---|
| — на подрачјето на Општината | 20,00 дин. |
| — на подрачјето на СР Македонија, освен Скопје | 70,00 дин. |
| — на подрачје надвор од СРМ | 150,00 дин. |
| — за Скопје — паушален износ од | 30,00 дин. |

На децата на осигуреникот до 7 годишна возраст им припаѓа 50% од надоместокот утврден во претходниот став.

Член 7

Кога придружник на осигурено лице е работник на здравствена работна организација кој поради здравствената состојба на осигуреното лице патува и по наредба на здравствената работна организација, му припаѓа надоместок на име трошоци и престој во висина која е одредена во нормативните акти на здравствената работна организација во која е тој вработен, во колку за него тоа е поповолно.

Член 8

Осигурените лица правото на надоместок на патни трошоци и трошоци за престој и исхрана го остваруваат во Стручната служба на Општинската заедница.

Надоместокот на патните и другите трошоци осигурените лица го остваруваат врз основа на издаден патен налог од страна на надлежен лекар односно наодот и мислењето на лекарска комисија.

Член 9

Надоместокот на патните и другите трошоци се исплатува од правило по завршеното патување кога се поднесува налог од надлежниот лекар од кој може да се утврди дека одредено патување е извршено.

Во исклучителни случаи по барање на осигурено лице може да му се исплати аконтација на патните и други трошоци пред да отпочне патувањето.

Износот на аконтацијата се одредува според одобреното превозно средство и времетраење на патувањето.

Осигуреното лице е должно во рок од 3 дена по извршеното патување-лекување да поднесе уредна документација со која ќе потврди дека патувањето е извршено.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите кои се однесуваат на патните трошоци и трошоците за исхрана и престој од Одлуката за надоместокот на патни трошоци, трошоци за закоп и посмртна помош и спрема на новородено дете, бр. 04-3613/1 од 22. XII. 1972 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/73).

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1975 година.

Бр. 03-870/1
25 април 1975 година
Куманово

Претседател,
**Стојан Величковски,** с. р.

## 234.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 8 и 25 став 1 точка 22 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на сите собори, одржана на 25 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЕДИНСТВЕНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАЦИЈАТА НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЛЕКОВИ

Член 1

Се овластува Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување со свој акт да изврши единствено регулирање на партиципацијата на осигурените лица во поднесувањето на трошоци за набавка на лекови.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 03-871/1
25 април 1975 година
Куманово

Претседател,
**Стојан Величковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БИТОЛА

## 235.

Врз основа на член 26 став 1 точка 10 и член 27 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, Соборот на делегатите на корисници на услуги-работници на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, на седницата одржана на 28. април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ И ПОМОШТИ

Член 1

Во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за парични надоместоци и помошти, бр. 02-47/26 од 27. XII. 1974 година ,објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 50/74, членот 1 став 1 се менува и треба да гласи:

„1. За лекување вон СРМ, но во републичките центри, надоместокот изнесува 100,00 динари;

2. За лекување вон СРМ, надоместокот изнесува 80,00 динари;

3. За лекување во Скопје, надоместокот изнесува 70,00 динари;

4. За лекување во СР Македонија освен Скопје, надоместокот изнесува 60,00 динари;

5. За лекување во здравствена работна организација оддалечена над 50 км. во еден правец надоместокот изнесува 60,00 динари;

6. За лекување во здравствена работна организација оддалечена над 20 до 50 км. во еден правец, надоместокот изнесува 30,00 динари“.

Член 2

Ставот 2 на членот 1 од истата одлука се менува и треба да гласи:

„1. За осигурено лице до 1 годишна возраст, надоместокот за закоп изнесува 500,00 динари;

2. За осигурено лице преку 1 година до 7 години, надоместокот за закоп изнесува 800,00 динари;

3. За осигурено лице преку 7 годишна до 14 годишна возраст, надоместокот за закоп изнесува 1.100,00 динари; и

4. За осигурено лице на возраст над 14 години, надоместокот за закоп изнесува 1.400,00 динари“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за случаи настанати од тој ден наваму. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-48/16
28. април 1975 година
Битола

Собор на делегатите на корисници на услуги — работници

Претседател,
**Томе Дранговски,** с. р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — **Битола**

Потпретседател,
**Нестор Несторовски,** с. р.

## 236.

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 26 точка 7 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, на заедничка седница на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 28 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

I

Со оваа одлука се утврдуваат основици за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување и правата од здравственото осигурување за лица вработени кај приватните работодав-

ци на подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, за кои со Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување не се утврдени основици.

II

Основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување и за утврдување на правата од ова осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци претставува договорениот личен доход меѓу приватниот работодавец и работникот, кој не може да биде помал од:

— 1.000,00 динари за неквалификувани работници;

— 1.300,00 динари за полуквалификувани работници;

— 1.500,00 динари за квалификувани работници;

— 1.850,00 динари за висококвалификувани работници;

— 1.000,00 динари за домашни помошнички.

III

За учениците од училиштата за средно образование и одредени занимања за квалификувани работници кои покрај училишната изведуваат и практична настава во работна организација на здружен труд или кај приватен работодавец, основица за остварување права од здравственото осигурување претставува наградата што ја прима. Оваа основица не може да биде помала од:

— 150,00 динари за ученици од прва година;

— 200,00 динари за ученици од втора година;

— 300,00 динари за ученици од трета година.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

02-бр. 48/15
28 април 1975 година
Битола

Собор на делегати корисници на услуги — работници,
Претседател,
**Томе Дранговски,** с. р.

Собор на делегати даватели на услуги
Претседател,
**д-р Душко Николовски,** с. р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување
Потпретседател,
**Нестор Несторовски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор Чесибе Ремзи Бајрами, за себе и како законски застапник на нејзините деца, сите од Тетово, ул. „Полог" бр. 11, против Ремзи Бајрамов Бајрами од Тетово, ул. „Полог" бр. 11, а сега со непозната адреса во странство. Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави или да достави точна адреса на судот.

По истекот на овој рок, ќе му биде поставен старател кој ќе се грижи за неговите права и обврски по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 858/74 од 25. III. 1975 год. (77)

# КОНКУРСИ

Советот на Медицинскиот центар во Куманово

распишува

**КОНКУРС**

за назначување началници на следните служби:

1. Началник за кожно-венерични болести 1
2. Началник за физикална терапија 1
3. Началник за инфективни болести 1

УСЛОВИ:

Покрај општите услови предвидени со Законот, пријавените кандидати треба да ги исполнуваат и посебните услови: да имаат завршено медицински факултет и положен соодветен специјалистички испит.

Личен доход според Самоуправната спогодба за основите и мерилата за распределба на личните доходи на работниците во Медицинскиот центар — Куманово.

Конкурсот трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето.

Молби се доставуваат до Советот на Медицинскиот центар — Куманово, соба број 36. (80)

**ИСПРАВКА**

Во конкурсот на Специјалната детска болница — Охрид, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 19 од 26 мај 1975 година. на страна 352, точката 2 од конкурсот треба да гласи: „2 еден физиотерапеут-приправник".

Од Специјалната детска болница — Охрид

Собирот на работниците при Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за прием на еден архитект — приправник

Кандидатот, покрај општите услови според Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има висока стручна подготовка — архитектонски факултет.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Пријавите се поднесуваат до Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — Скопје, барака во кругот на Медицинскиот факултет — Скопје. (82)

Конкурсната комисија на ООЗТ Ендокринологија и болести на метаболизмот при Медицинскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. Лекари — приправници

Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, пријавените кандидати треба да ги исполнуваат посебните услови предвидени во Самоуп-

равната спогодба за начелата, основите, критериумите и процедурата на кадровската политика на Медицинскиот факултет — Скопје во услови на отворена систематизација.

Конкурсот е отворен 15 дена од објавувањето.

Првото тестирање ќе се изврши најдоцна 3 дена по затворањето на конкурсот.

Молбите со потребните документи се поднесуваат до архивата на работната заедница Заеднички дејности при Медицинскиот факултет во Скопје со нагласување за ООЗТ Ендокринологија и болести на метаболизмот. (83)

---

Собранието на општината — Берово, врз основа на член 43 став 1 од Основниот закон за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ" бр. 7 од 17. II. 1965),

**СООПШТУВА**

Дека ќе врши избор-реизбор на претседател на Општинскиот суд — Берово.

Заинтересираните што ги исполнуваат условите од член 40 на Основниот закон за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ" бр. 7/65), пријавите да ги доставаат до Собранието на општината — Берово — стручна служба, во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето на ова соопштение.

Од Собранието на општината — Берово

---

## СОДРЖИНА

Страна

192. Одлука за определување височината на надоместоците за користење на јавните патишта што се плаќаат на моторни и приклучни возила — — — — — — 353
193. Решение за утврдување престанување на функцијата членови и за именување членови на Советот за иселенички прашања на Извршниот совет — — — — — — 354
194. Решение за дополнување на Решението за именување претседател и членови на одборите и комисиите на Извршниот совет — 354
195. Решение за именување член на Советот на Економскиот институт во Скопје — — 355
196. Решение за утврдување престанување на функцијата претседател и членови и за именување на претседател и членови на Републичката комисија за следење на пласманот и амортизација на обврзниците од Федерацијата — — — — — — 355
197. Решение за именување помошник секретар во Извршниот совет — — — — — 355
198. Решение за именување помошник секретар во Извршниот совет — — — — — 355
199. Решение за именување советник во Извршниот совет — — — — — — — 355
200. Решение за именување советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет — — — 356
201. Решение за именување советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет — — — 356
202. Решение за именување потсекретар во Републичкиот секретаријат за народна одбрана — — — — — — — — — — 356
203. Решение за именување помошник на републичкиот секретар за народна одбрана 356
204. Решение за именување помошник на републичкиот секретар за финансии — — 356
205. Решение за разрешување и именување член на Одборот за прашања на односите со странство на Извршниот совет — — 356
206. Правилник за содржината и начинот на полагањето на завршниот испит во Средното училиште за внатрешни работи — 357

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

220. Одлука за утврдување најнискиот износ на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице — — — — — — 360
221. Одлука за утврдување на најнискиот износ на дневниците на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место — — — — — — — 360
222. Одлука за утврдување најнискиот износ на помошта за спрема на новородено дете — — — — — — — — — — 361
223. Одлука за усвојување на Програмата за здравствена заштита на населението на СР Македонија за 1975 година — — — 361
224. Одлука за утврдување висината на средствата за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница на вработувањето — — — — — — — 361
225. Одлука за целосно и делимично ослободување од дозначување на средствата што треба да ги уплатуваат општинските заедници на вработувањето за солидарност и за финансирање на Републичката заедница на вработувањето — — — — 361
226. Одлука за утврдување на мерила и критериуми за користење на средствата за солидарност при Републичката заедница на вработувањето — — — — — — 362
227. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за издвојување во резервниот фонд на Заедницата за 1975 година — — 363
228. Одлука за активирање на средствата од резервниот фонд на здравственото осигурување на земјоделците — — — — 363
229. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за издвојување во резервниот фонд на Заедницата за 1975 година — — 363
230. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за височината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица 363
231. Одлука за висината на помошта за спрема на новородено дете — — — — — 364
232. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица 364
233. Одлука за висината на надоместокот на патните трошоци во врска со остварувањето на правата од здравственото осигурување — — — — — — — — — 365
234. Одлука за овластување на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување за единствено регулирање на партиципацијата на осигурените лица во поднесувањето на трошоците за лекови — 366
235. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за парични надоместоци и помошти — — — — — — — — — 366
236. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци — — — 366

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**